**Отворен Инвестициски Фонд**
**КБ ПУБЛИКУМ – МБИ10**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОДОТ КОЈ ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

**Скопје, март 2022**

**СОДРЖИНА** Страна

**Извештај на независниот ревизор** 1-2

**Финансиски извештаи**

Биланс на состојба или Извештај за нето имотот на Фондот 3
Биланс на успех или Извештај за добивки и загуби на Фондот 4
Извештај за промени во нето имотот на Фондот 5
Извештај за парични текови на Фондот 6
Белешки кон финансиските извештаи 7
Основни податоци
Преглед на значајни сметководствени политики
Управување со ризици
Настани по датум на извесстување
Финансиски показатели по удели на Фондот
Структура на вложувања на Фондот
Трансакции по овластени лица на Фондот
Структура на обврските на Фондот по видови инструменти
Реализирани добивки (загуби) на Фондот
Нереализирани добивки (загуби) на Фондот
Трансакции на Фондот со поврзани субјекти
Приходи и расходи со поврзани субјекти
Трошоци наплатени на товар на инвестицискиот Фонд
Преглед на движење на вредноста на имотот на Фондот
Споредбен преглед на работењето на Фондот
Ивештај за вложувањата на Фондот по видови на имот
Трансакции од имотот на Фондот

**МУР СТИВЕНС ДОО**
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Тел**.: +389 (2) 32 14 706
**Е-адреса**: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум инвест АД Скопје

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Отворениот Инвестициски Фонд КБ ПУБЛИКУМ – МБИ10 (Фондот), кои што го вклучуваат Извештајот за нето имотот на Фондот заклучно со 31 декември 2021 година, како и Извештајот за добивките и загубите и Извештајот за промени во нето имотот на Фондот за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Друштвото за управување со Фондот е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со одредбите на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Фондот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Фондот.

Друштвото е регистрирано во Р.Северна Македонија.
Погоре е наведено регистрираното седиште на друштвото
Фирми членки има во главните градови низ целиот свет.

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува) ДО Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум инвест АД Скопје

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, состојбата со нето имотот на Отворениот Инвестициски Фонд КБ ПУБЛИКУМ – МБИ10 заклучно со 31 декември 2021 година, како и неговата финансиска успешност за годината која што завршува тогаш во согласност со одредбите на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка.

Скопје, 17 март 2022 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Милена Јованова Димоска | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД НА ДЕН 31.12.2021**
**Отворен инвестициски фонд КБ ПУБЛИКУМ МБИ10**

| Ознака на позицијата | Позиција | Претходна год. (2020) | Тековна год. (2021) |
|---|---|---|---|
| | | Во МКД | Во МКД |
| | **ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | |
| 1 | Пари и парични еквиваленти | 19,696,427 | 19,737,146 |
| 2 | Вложувања во хартии од вредност и депозити: | **648,590,462** | **957,190,696** |
| 2а | финансиски средства кои се чуваат за тргување | 578,590,462 | 802,294,156 |
| 2б | финансиски средства расположиви за продажба | - | - |
| 2в | заеми и побарувања | - | - |
| 2г | вложувања кои се чуваат до доспевање | 70,000,000 | 154,896,540 |
| | **ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | | |
| 3 | Побарувања од продажба на хартии од вредност и други побарувања | - | - |
| 4 | Побарувања за дивиденди и отплати на обврзници | - | - |
| 5 | Побарувања за дадени аванси | - | - |
| 6 | Побарувања од друштвото за управување со фондови | - | - |
| 7 | Побарувања од депозитарна банка | - | - |
| 8 | Останати побарувања на фондот | - | - |
| 9 | Побарувања за камати | 55,684 | 99,227 |
| **А. ( С од 1 до 10 )** | **Вкупно средства** | **668,342,573** | **977,027,069** |
| | **ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ** | | |
| 10 | Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и други обврски | - | - |
| 11 | Обврски по основ на вложувања во пласмани, депозити | - | - |
| | **ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | | |
| 12 | Обврски спрема друштвото за управување со фондови | 925,896 | 1,265,901 |
| 13 | Обврски спрема депозитарна банка | 125,910 | 195,847 |
| 14 | Обврски за трошоци на фондот | 108,305 | 126,731 |
| 15 | Обврски по основ на исплата на имателите на удели | - | 1,196,000 |
| 16 | Останати обврски | - | - |
| 17 | Обврски за пресметана камата | - | - |
| **Б. ( С од 11 до 18 )** | **Вкупни краткорочни обврски** | **1,160,111** | **2,784,479** |
| **В. ( А - Б )** | **Нето имот на фондот** | **667,182,462** | **974,242,590** |
| **Г.** | **Број на издадени удели** | **3,395,970.4690** | **3,859,098.0310** |
| **Д. ( В / Г )** | **Нето имот по удел** | **196.4630** | **252.4534** |
| 18 | Издадени удели во Инвестиционот фонд | 1,343,004,562 | 1,775,611,054 |
| 19 | Повлечени удели во Инвестициониот фонд | (854,648,655) | (1,180,385,244) |
| 20 | Добивка/Загуба за тековната финансиска година | (15,368,771) | 200,190,224 |
| 21 | Задржана добивка/загуба од претходните години | 194,195,327 | 178,826,556 |
| 22 | Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба | - | - |
| 23 | Ревалоризациони резерви | - | - |
| **Ѓ. ( С од 18 до 23 )** | **Вкупни обврски спрема изворите на средства** | **667,182,462** | **974,242,590** |

Скопје, 17 март 2022 година

Главен Извршен Директор
Горан Марковски

КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ Скопје

*БИЛАНС НА УСПЕХ ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА НА ФОНДОТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2021 - 31.12.2021*
*Отворен инвестициски фонд КБ ПУБЛИКУМ МБИ10*

| Ознака на позицијата | Позиција | Образложение | Претход. период (2020) | Тековен период (2021) |
|---|---|---|---|---|
| | ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА | | | |
| 1 | Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | | 245,525 | 6,583,399 |
| 2 | Приходи од камата и амортизација на премија (дисконт) на вложувања со фиксно доспевање | | 931,610 | 1,447,404 |
| 3 | Позитивни курсни разлики | | 309 | 429,831 |
| 4 | Приходи од дивиденди | | 18,785,424 | 25,656,460 |
| 5 | Останати приходи | | 16 | 20 |
| **А. ( С од 1 до 5** | **Вкупно приходи од вложувања** | | **19,962,884** | **34,117,114** |
| | РАСХОДИ | | | |
| 6 | Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | | (33,080,636) | - |
| 7 | Негативни курсни разлики | | (532) | (533,194) |
| 8 | Расходи од односи со друштвото за управување со фондови | | (8,185,636) | (10,017,206) |
| 9 | Расходи од камата | | (100,068) | (1) |
| 10 | Надоместоци на депозитарната банка | | (1,632,655) | (2,003,442) |
| 11 | Трансакциски трошоци | | (1,134,636) | (423,388) |
| 12 | Намалување на средствата | | - | - |
| 13 | Останати дозволени трошоци на фондот | | (1,045,114) | (1,221,707) |
| **Б. ( С од 6 до 1** | **Вкупно расходи** | | **(45,179,278)** | **(14,198,937)** |
| **В. ( А - Б )** | **Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност** | | **(25,216,394)** | **19,918,177** |
| | НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
| д1 | Нереализирани добивки (загуби) на вложувања во финансиски инструменти | | 9,847,622 | 180,272,047 |
| д2 | Нереализирани добивки (загуби) од деривативни инструменти | | - | - |
| д3 | Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | | - | - |
| **Г. ( С од д1 до д3** | **Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | **9,847,622** | **180,272,047** |
| **Д. ( В + Г )** | **Нето зголемувања (намалувања) на нето имотот од работење на фондот** | | **(15,368,771)** | **200,190,224** |

*ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА НЕТО ИМОТОТ НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2021 - 31.12.2021*
*Отворен инвестициски фонд КБ ПУБЛИКУМ МБИ10*

| Ознака на позицијата | Позиција | Претход. период (2020) | Тековен период (2021) |
|---|---|---|---|
| | ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО ИМОТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ | | |
| 1 | Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност | (25,216,394) | 19,918,177 |
| 2 | Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 9,847,622 | 180,272,047 |
| **А. ( С од 1 до 2 )** | **Зголемување (намалување) на нето имотот од работење на фондот** | **(15,368,771)** | **200,190,224** |
| | | | |
| 3 | Приливи од продажба на издадени удели на фондот | 615,521,985 | 432,606,493 |
| 4 | Одливи од повлекување на издадени удели на фондот | (592,685,236) | (325,736,589) |
| **Б. ( С од 3 до 4 )** | **Вкупно зголемување (намалување) од трансакции со уделите на фондот** | **22,836,749** | **106,869,904** |
| | | | |
| **Ц. ( А + Б )** | **Вкупно зголемување (намалување) на нето имотот** | **7,467,978** | **307,060,128** |
| | | | |
| | НЕТО ИМОТ | | |
| 5 | На почетокот на периодот | 659,714,484 | 667,182,462 |
| Д. ( 5 + Ц ) | На крајот на периодот | 667,182,462 | 974,242,590 |
| | | | |
| | БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ УДЕЛИ НА ФОНДОТ | | |
| 6 | Број на удели на почетокот на периодот | 3,424,768.8551 | 3,395,970.4690 |
| 7 | Издадени удели на фондот во текот на периодот | 3,304,814.5904 | 2,001,038.4947 |
| 8 | Повлечени удели на фондот во периодот | (3,333,612.9765) | (1,537,910.9327) |
| **Е. ( С од 6 до 8)** | **БРОЈ НА УДЕЛИ НА ФОНДОТ** | **3,395,970.4690** | **3,859,098.0310** |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2021 - 31.12.2021*
## *Отворен инвестициски фонд КБ ПУБЛИКУМ МБИ10*

| Ознака на позицијата | Позиција | Образложение | Претход. период (2020) | Тековен период (2021) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1 | Нето добивка / (загуба) за периодот | | (15,368,771) | 200,190,224 |
| 2 | Нереализирани позитивни и негативни курсни разлики | | - | - |
| 3 | Исправка на вредноста на побарувањата и слични отписи | | - | - |
| 4 | Приходи од камата | | (649) | (43,542) |
| 5 | Расходи од камата | | - | - |
| 6 | Приходи од дивиденда | | (18,785,424) | (25,656,460) |
| 7 | Намалување на финансискиот имот | | - | - |
| 8 | Зголемување / (намалување) на вложувањата во преносливи хартии од вредност | | 10,403,934 | (223,703,695) |
| 9 | Зголемување / (намалување) на вложувањата во инструменти на пазарот на пари | | - | - |
| 10 | Зголемување / (намалување) на вложувањата во инвестициски фондови | | - | - |
| 11 | Зголемување / (намалување) на вложувањата во финансиски деривативни инструменти | | - | - |
| 12 | Приливи од камата | | - | - |
| 13 | Одливи од камата | | - | - |
| 14 | Приливи од дивиденда | | 18,785,424 | 25,656,460 |
| 15 | Зголемување / (намалување) на останатиот финансиски имот | | (34,900,000) | (84,896,540) |
| 16 | Зголемување / (намалување) на останатиот имот | | - | - |
| 17 | Зголемување / (намалување) на обврските по основ вложувања во финансиски инструме | | - | - |
| 18 | Зголемување / (намалување) на останатите финансиски обврски | | - | - |
| 19 | Зголемување / (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозита | | (98,841) | 409,943 |
| 20 | Зголемување / (намалување) на останатите обврски од редовно работење | | (417,099) | 1,214,425 |
| **21. ( С од 1 до 20 )** | **Паричен тек од редовно работење** | | **(40,381,427)** | **(106,829,185)** |
| | | | | |
| 22 | Приливи од издавање на удели | | 615,521,985 | 432,606,493 |
| 23 | Одливи од откуп на удели | | (592,685,236) | (325,736,589) |
| 24 | Исплата на имателите на удел од остварената добивка | | - | - |
| 25 | Останати приливи од финансиски активности | | - | - |
| 26 | Останати одливи од финансиски активности | | - | - |
| **27. ( С од 22 до 26 )** | **Паричен тек од финансиски активности** | | **22,836,749** | **106,869,904** |
| **28. ( 21 + 27 )** | **Нето зголемување (намалување) на пари** | | **(17,544,678)** | **40,719** |
| **29** | **Пари на почеток на периодот** | | **37,241,105** | **19,696,427** |
| **30. ( 28 + 29 )** | **Пари на крај на периодот** | | **19,696,427** | **19,737,146** |

## 1. Основни податоци

КБ Публикум- МБИ 10 (во понатамошниот текст Фондот) е отворен инвестициски фонд запишан во регистарот на отворени инвестициски фондови при Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во согласност со Законот за инвестициски фондови (Сл.весник на РСМ бр.12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013).

Фондот претставува посебен имот, без својство на правно лице, кој се основа со прибирање на парични средства од инвеститори преку продажба на удели во Фондот, а Друштвото истите ќе ги вложува во согласност со одредбите од Законот за инвестициски фондови, Статутот и Проспектот на Фондот. Фондот е во сопственост на имателите на удели. Покрај правото на сразмерен дел во добивката на фондот, сопствениците на удели имаат право во секое време да побараат исплата на уделот и на тој начин да излезат од фондот.

Со Фондот во негово име и за негова сметка управува Друштвото за управување со отворени инвестициски фондови КБ Публикум инвест АД Скопје во согласност со Законот за инвестициски фондови, Проспектот и Статутот на Фондот.

Депозитарна банка на Фондот е Комерцијална банка АД Скопје.

Фондот е основан на неопределено време.

Друштвото смее да ги инвестира средствата на Фондот во следните инструменти:

- Вложувања во акции на издавачи од Република Северна Македонија кои се составен дел од македонскиот берзански индекс МБИ 10;
- Вложувања во државни должнички хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија;
- Вложувања во депозити кај овластени банки од Република Северна Македонија со рок на доспевање пократок од една година и вложувања во отворени инвестициски фондови со најниско ниво на ризик, кои вложуваат исклучиво во депозити и должнички хартии од вредност под услов да не наплатуваат трошоци за управување повисоки од 1% од нето-вредноста на имотот на Фондот.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1. Основа за изготвување

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за инвестициски фондови (“Службен весник на Република Северна Македонија бр.12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015, 23/2016”) и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работење од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка (“Службен весник на Република Северна Македонија бр. 195/2014”). Според овој правилник основните финансиски извештаи се изготвени во согласност со Правилникот за водење на сметководството (“Службен весник на Република Северна Македонија бр. 94/2004, 11/2005, 116/2005“) и Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.

Финансиски извештаи се изготвени за годината што завршува на 31 декември 2021 година и се прикажани во Македонски денари (МКД), која е функционална валута на Фондот.

Овие финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Друштвото на 17март 2022 година.

При изготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики опишани во Белешка 2.

Подготвувањето на финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, бара примена на одредени сметководствени проценки. Исто така бара од раководството да примени расудување во процесот на примена на сметководствените политики на Фондот.

### 2.2. Претпоставка за континуитет

Финансиски извештаи се подготвени според претпоставката дека Фондот ќе продолжи да работи во догледна иднина. Раководството на Друштвото управува со средствата на Фондот со цел да обезбеди негово непречено функционирање и максимизација на повратот за сопствениците на средства.

Глобалната пандемија предизвикана од корона вирусот (COVID 19) која беше прогласена од страна на СЗО во март 2020 година, рапидно се развиваше во текот на 2020 и 2021 година. Раководството смета дека во моментов не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Фондот.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.3. Користење на претпоставки и проценки

При подготвувањето на овие финансиски извештаи, Раководството на Друштвото користи бројни проценки и разумни претпоставки кои имаат ефект на презентираните вредности на средствата и обврските, како и обелоденување на потенцијалните побарувања и обврски на датумот на подготовка на финансиски извештаи како и на приходите и расходите во текот на периодот на известување.

Овие проценки и претпоставки се базирани на информациите расположливи на датумот на подготовка на финансиски извештаи и идните фактички резултати би можеле да се разликуваат од овие проценки.

Најзначајната употреба на расудувања и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајни сметководствени политики и соодветните објаснувачки белешки се однесуваат на оштетувањето на финанските и нефинансиските средства, финансиските обврски и останати проценки кои може да влијаат на нето вредноста на имотот на Фондот.

Раководството примени проценки, расудувања и претпоставки врз основа на анализа на влијанијата кои ги има, или може да ги има глобалната пандемија на коронавирусот Covid 19 врз Фондот, врз основа на расположливи информации. Оваа анализа ги опфаќа природата на понудените услуги, клиенти, синџир на снабдување, персоналот и географскиот регион каде Фондот работи. Освен доколку не е поинаку наведено во конкретните белешки од овие финансиски извештаи, раководството смета дека не постојат било какви значајни несигурности во врска со настаните и условите што можат неповолно да влијаат врз работењето на Фондот.

### 2.4. Споредливи износи

Споредливите износи ги претставуваат финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020 година.

### 2.5. Признавање на трошоците и приходите

Приходите се искажани според објективната вредност на побарувањата. Приходот е искажан во моментот на настанување на побарувањата/трансакциите. Расходите се искажуваат врз пресметковна основа.

### Приходи и расходи по камата

Приходот од камата и расходот од камата се признава во добивката или загубата според методот на ефективна камата. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања и приливи во текот на очекуваниот век на финансиското средство или обврска (или каде што е соодветно, пократок период) на сегашната вредност на финансиското средство или обврска. При пресметката на ефективната каматна стапка, Друштвото ги проценува идните парични текови на Фондот земајќи ги во предвид сите договорни услови на финансискиот инструмент, но не и идните загуби поради оштетување.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### Приходи и расходи по камата (продолжува)

Пресметката на ефективната каматна стапка ги вклучува сите надоместоци платени или примени кои се составен дел на ефективната каматна стапка. Трансакциските трошоци вклучуваат инкрементални трошоци кои директно можат да се припишат на стекнувањето или издавањето на финансиското средство или обврска.

### Даночен расход

Во согласност со Законот за инвестициски фондови, Фондот не се смета за правен субјект. Согласно Законот за данок на добивка, обврзници за данок на добивка се правни субјекти, соодветно на тоа Фондот не е даночен обврзник и нема обврска да поднесува даночен биланс.

Приходите од камати добиени од Фондот можат да бидат предмет на данок на задршка важечки во земјата на потекло.

### Провизии и останати трошоци

Провизиите и останатите трошоци се признаваат во добивката или загубата на пресметковна основа.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.5. Признавање на трошоците и приходите (Продолжува)

**Трошоци и надоместоци на фондот:**

- *Трошоци за управување на Фондот*

На годишно ниво Друштвото наплатува надоместок за управување со средствата во висина од 1,25 % од нето-вредноста на имотот на Фондот и тој во целост му припаѓа на Друштвото. Надоместокот се пресметува на дневна основа, по пресметка на нето-вредноста на имотот на Фондот, и претставува процентуален дел од нето-вредноста на имотот на Фондот кој се добива откако годишниот процент ќе се подели со 365 денови. Друштвото го наплатува надоместокот за управување наредниот месец за претходниот, како збир на сите дневни вредности на надоместокот пресметан за претходниот месец.

Надоместокот се пресметува врз основа на дневна нето-вредност на имотот на Фондот, со примена на следнава формула:

*остварен годишен надоместок за управување x 1/365.*

- *Надоместок на депозитарната банка*

Друштвото на товар на имотот на Фондот плаќа надоместоци и трошоци на депозитарната банка за работите што се дефинирани во договорот со депозитарната банка, Законот, Статутот и Проспектот на Фондот и Тарифата за надоместоци и трошоци за вршење работи на депозитарната банка. На товар на имотот на Фондот, Друштвото ѝ плаќа на депозитарната банка надоместок на годишно ниво во зависност од висината на вредноста на имотот на Фондот за денот кој претходи на денот на вреднување, со примена на следниве стапки

| | |
|---|---|
| - До 1.000.000.000 денари | 0,25% |
| - Од 1.000.000.001 – 1.800.000.000 денари | 0,22% |
| - Над 1.800.000.001 денари | 0,20% |

- *Трошоци поврзани со купупродажба на имот на фондот*

Во оваа група спаѓаат сите трошоци поврзани со купување и продавање на имот на Фондот, како што се:

- трошоци за брокерски провизии;
- берзанска такса;
- Централен депозитар за хартии од вредност;
- даноци;
- други трошоци поврзани со порамнување на трансакциите.

Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции и тие се на товар на имотот на Фондот. Трошоците за купување и за продавање може да се разликуваат во зависност од типот на хартиите од вредност и од големината на налозите.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.5. Признавање на трошоците и приходите (Продолжува)

- *Останати трошоци од работење*

Други трошоци што ќе произлезат во текот на работењето, а се на товар на имотот на Фондот, се:

- трошоците за ревизија на финансиските извештаи на Фондот;
- трошоците за водење регистар на удели;
- трошоците за исплата на даноци на Отворениот фонд;
- трошоците за месечен надомест на КХВ.

Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции.

- *Трошоци за издавање и откуп на удели*

Надоместокот за издавање на удели (т.н. влезна провизија или „entry fee “) претставува надоместок кој инвеститорот го плаќа при секоја уплата во Фондот и е различен во зависност од износот на уплатата и истиот е предвиден со Проспектот и Статутот на Фондот.

Надоместокот за откуп на удели од Фондот (односно излезна провизија) ќе се наплатува доколку се повлечат инвестираните средствата во рок пократок од една (1) година од моментот на купување на удели во Фондот. Во случај на повеќекратни уплати ќе се применува FIFO методот, каде исплатата на удели се врши по хронолошки редослед почнувајќи од првата регистрирана уплата. Трошокот за откуп и исплата на удели се пресметува на вкупниот износ на исплатата, со примена на стапка од 1%.

### 2.6 Конвертирање во странска валута и сметководствениот третман на позитивните / негативните курсни разлики и ефектот од примената на девизна клаузула

Ставките во Билансот на состојба и Билансот на успех искажани во финансиски извештаи се вреднуваат со користење на валутата од примарното економско окружување (функционална валута).

Како што е обелоденето во Белешка 2.1, придружните финансиски извештаи се прикажани во денари (МКД), кои претставуваат функционална и официјална извештајна валута на Друштвото.

### 2.7. Пари и парични средства

Парите и паричните средства се состојат од парични средства на денарските и девизните сметки отворени во Комерцијална банка АД Скопје (депозитарна банка). Паричните средства и паричните еквиваленти се евидентираат по амортизирана набавна вредност.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.8. Вложување во депозити

Вложувањата во депозити се состојат од краткорочни депозити отворени во повеќе комерцијални банки во Република Северна Македонија. Вложувањата во депозити се евидентираат по амортизирана набавна вредност.

### 2.9. Финансиски средства и обврски

***Признавање***
Друштвото почетно ги признава финансиските средства и обврски на Фондот мерени според амортизирана набавна вредност на денот кога тие се настанати. Сите останати финансиски средства и обврски почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Фондот станува странка на договорните одредби на инструментот.

Финансиското средство или обврска почетно се мери според објективната вредност корегирано (за ставки кои не се за тргување) за трошоците за трансакцијата кои се директно поврзани со набавката или издавањето на финансиското средство или обврска.

***Класификација***
Фондот ја има следнава класификација на финансиски средства и финансиски обврски:

Финансиски средства:
- За тргување- должнички и сопственички хартии од вредност;
- Кредити и побарувања - парични средства и парични еквиваленти, вложувања во депозити и останати побарувања;
- До доспевање – должнички хартии од вредност.

Финансиски обврски:
- останати обврски по амортизирана набавна вредност - обврски кон брокерите и останати обврски.

Финансиско средство се класифицира за тргување, доколку:

- е набавено или настанато со цел да биде продадено или откупено во блиска иднина;
- при иницијалното признавање е дел од портфолиото кое е заеднички управувано и за кое постојат индикации за остварување на краткорочен профит или
- е дериватив, различен од инструмент за хеџинг.

Недеривативни финансиски средства со фиксни или определиви плаќања, можат да бидат класифицирани како “кредити и побарувања”, доколку не котираат на активен пазар, или доколку е средство за кое што инвеститорот не може да поврати значаен дел од иницијалната инвестиција, а тоа не е последица од влошување на кредитната состојба.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.9. Финансиски средства и обврски (Продолжува)

***Депризнавање***
Друштвото ги депризнава финансиските средства на Фондот кога ги губи правата од договорот за паричните текови од средството, или кога ги пренесува правата на паричните текови од средството со трансакција во која значајно сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг, или кога Фондот ниту ги пренесува, ниту ги задржува сите значајни ризици и награди од сопственоста и не ја задржува контролата врз финансиското средство. Секој остаток од пренесените финансиски средства кои се креирани или задржани од Фондот се признаваат како посебно средство или обврска во Билансот на состојба.

При депризнавање на финансиските средства, разликата меѓу сметководствената вредност на средствата (или сметководствената вредност алоцирана на делот на пренесеното средство) и добиениот надомест (вклучувајќи го новото добиено средство намалено за претпоставената обврска) се признава во Билансот на успех како добивка или загуба.

Друштвото ги депризнава финансиските обврски на Фондот кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

***Нетирање***
Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во Билансот на состојба на Фондот само кога Друштвото има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да ги порамни трансакциите на нето основа или да ги реализира плаќањата истовремено.

***Принцип на мерење според амортизирана набавна вредност***
Амортизираната набавна вредност на финансиско средство или финансиска обврска е износот според кој што финансиското средство или обврска се мерат при почетното признавање, намален за отплатите на главницата, плус или минус акумулираната амортизација со употреба на методот на ефективна камата на било која разлика помеѓу почетно признаениот износ и износот при доспевањето, намален за евентуалните загуби поради оштетување.

***Принцип на мерење според објективна вредност***
Објективна вредност е износот за кој средството може да биде разменето, или обврската подмирена, помеѓу запознаени, спремни странки во нормална, комерцијална трансакција на датумот на мерењето.

Кај сопственичките и долгорочните должнички хартии од вредност со кои се тргува во Република Македонија, за објективна вредност на денот на вреднување на средствата на Фондот се смета официјалната дневна просечна цена на определена хартија од вредност постигната на регулиран пазар.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.10. Оштетување на финансисиски средства

*Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност*

На секој датум на известување, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата

("случај на загуба") и дека тој случај на загуба (или случаи) влијае на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот Биланс на успех.

### 2.11. Нето вредност на имотот на Фондот

Пресметката на нето имотот на Фондот по удели се врши согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд донесен од КХВ.

Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува врз основа на пазарната вредност на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и другите имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на истиот ден. Движењето на вредноста на имотот на Фондот во текот на 2021 година е даден во белешката 14 - Преглед за движење на вредноста на нето имотот на Фондот.

Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на удели на Фондот на денот на вреднување. Нето вредноста по удел, вкупниот број на удели на инвестицискиот фонд, сите зголемувања и намалувања на бројот на удели се пресметуваат и изразуваат во четири децимални места. Почетната цена на уделот во Фондот изнесува 100 Денари. Минималната уплата за купување на удели изнесува 1,000 денари. Уделот на сопственикот му ги обезбедува следните права:

- Право на информираност;
- Сразмерно учество во нето добивката на Фондот, во согласност со Проспектот.
- Правото на учество во добивката, сопствениците на удели го остваруваат преку откуп, односно продажба на уделите, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци;
- Откуп на уделот од страна на Друштвото, на писмено барање на сопственикот; и
- Право на сразмерно учество во остатокот на ликвидационата маса на Фондот во случај на негова ликвидација.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.10. Средства на Фондот и стратегија на вложување

На 1.4.2017 година Друштвото го основа првиот индексиран фонд КБ Публикум – МБИ 10 кој вложува исклучиво во хартии од вредност во Македонија, односно Фондот има за цел репликација на македонскиот берзански индекс МБИ 10. Преку Фондот сите потецијални инвеститори имаат можност на лесен и едноставен начин да се изложат кон македонските издавачи, истовремено обезбедувајќи високо ниво на диверзификација и ликвидност.
Во согласност со предвидената инвестициска стратегија, во структурата на акцискиот фонд доминираат сопственичките хартии од вредност издадени од македонски компании кои се составен дел од индексот МБИ 10. Со Проспектот превидено е нивното учество да се движи од 90% до 100% од имотот на Фондот. Меѓутоа, во текот на 2021 година нивото се движеше од 80% до 90% поради големата фрекфенција на уплати и исплати. МБИ 10 се состои од 10 котирани акции на Официјалниот пазар на Македонската Берза, избрани од страна на Комисијата за берзански индекс, според критериумите наведени во Методологијата за пресметување на Македонски Берзански Индекс – МБИ10. Комисијата, редовно (два пати годишно) и вонредно (во случај на вонредни околности) врши усогласување на структурата на МБИ 10 со состојбата на пазарот. Фондот за постигнување на целта користи пасивна стратегија на вложување. Согласно последната ревизија на Комисијата за берзански индекс направена на 15.12.2021 година во индексот МБИ 10 доминира секторот банкарство со учество од 41%, потоа следи фармација со 20%, нафта и гас со 19%, градежништво со 10,5%, и на крај следуваат телекомуникации со 4,7% и угостителство со учество од 4,4%.
Заклучно со 31 декември 2021 година, вкупната сума на уплатени средства во Фондот изнесува 913.584,553 илјади денари (споредено со 667.182,462 илјади денари во 2020 година). Моменталната структура на имотот на Фондот е 82,6% акции од домашни издавачи, додека останатиот имот се пари и парични еквиваленти. Друштвото во следниот период ќе настојува да го одржи односно усогласи портфолиото на Фондот со моменталната структура на МБИ 10 во однос на промените во обемот на ангажирани средства или пак доколку дојде до промена во структурата на МБИ 10 како резултат на периодичната ревизија на индексот од страна на Комисијата за берзански индекс.

Основните податоци за Фондот се прикажани во следната табела.

Табела 1

| | 2021 година | 2020 година |
|---|---|---|
| Цена на удел на крајот на периодот | 252,4534 МКД | 196,4630 МКД |
| Принос (од основање) | 152,45% | 96,46% |
| Стандардна девијација (тековна година) | 10,0933% | 28,2862% |
| Стандардна девијација (од основање) | 16,0430% | 17,3039% |
| Ризична класа (1-најниска, 7-највисока) | 5 | 6 |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Во текот на своето работење Фондот влегува во различни трансакции кои пред се се однесуваат на купување и продавање на хартии од вредност на различни организирани пазари на хартии од вредност, како и депонирање на парични средства во банки.

Деловните активности што Друштвото ги прави во име и за сметка на Фондот се изложени на различни ризици од финансиски карактер. Активностите на управување со финансиските ризици вклучуваат анализа, процена, прифаќање и управување со ризиците. Друштвото се стреми кон постигнување на соодветна рамнотежа меѓу ризикот и приносот и минимизација на потенцијалните - негативни ефекти врз финансиската успешност на Фондот.

Политиките на Друштвото за управување со ризици имаат за цел да ги идентификуваат и анализираат овие ризици, да воспостават соодветни лимити и контрола на ризиците, како и да ги следат ризиците и придржувањето кон лимитите преку веродостојни и современи информатички системи. Друштвото редовно врши испитување на политиките и воспоставените системи за управување со ризикот согласно со пазарните промени, промените во продуктите и најдобрата пракса.

Управувањето со ризици го врши Раководството на Друштвото во согласност со политиките одобрени од страна на Одборот на Директори. Одборот на Директори обезбедува политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики и ризикот од каматни стапки, кредитниот и ликвидносниот ризик.

Главните ризици на кои Фондот е изложен и политиките за управување со нив се следните:

### 3.1 Валутен ризик

Фондот нема склучено трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки на финансиски средства на странски или домашни пазари, при што истиот не се изложува на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

### 3.2 Кредитен ризик

Фондот е изложен на кредитен ризик во случај кога издавачите на хартии од вредност или банките депоненти нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Фондот има политика со цел да се намали кредитниот ризик преку диверзификација на вложувањата.

Изложеноста на кредитен ризик и структурата на вложувањата на средствата од имотот на Фондот се дадени во белешката за Структура на вложувања. Вложувањата во акции од домашни издавачи опфаќаат 82.12 % од вкупните вложувања на Фондот и вложувањата во краткорочни депозити кај домашни банки опфаќаат 15.85%.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (Продолжува)

### 3.3 Каматен ризик

Фондот се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога вложува во должнички хартии од вредност и депозити во банки.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од периодот е како што следува:

| | 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Парични средства | 19,737,146 | 19,696,427 |
| - Побарувања за дивиденда | - | - |
| - Останати побарувања | 99,227 | 55,684 |
| - Вложувања за тргување | 802,294,156 | 578,590,462 |
| | **822,130,529** | **598,342,573** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | |
| - Парични средства | - | - |
| - Депозити во банки | 154,896,540 | 70,000,000 |
| | **154,896,540** | **70,000,000** |
| *Каматоносни со фиксна камата:* | | |
| - Парични средства | - | - |
| - Депозити во банки | - | - |
| | **-** | **-** |
| | **977,027,069** | **668,342,573** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Обврски кон друштвото за управување | 1,265,901 | 925,896 |
| - Обврски кон депозитарна банка | 195,847 | 125,910 |
| - Останати обврски | 126,731 | 108,305 |
| - Обврски за вложувања во хартии од вредност | - | - |
| - Обврски за издавање на удели | 1,196,000 | - |
| | **2,784,479** | **1,160,111** |

Ефективната каматна стапка за монетарните финансиски инструменти во текот на 2021 (во %) се движи:

• Орочени денарски депозити во банки со каматни стапки што се движат од 1,85% до 3% годишно во 2021 година (2020 година: од 1.85% до 3%) ;

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (Продолжува)

### 3.4 Пазарен ризик

Пазарниот ризик произлегува од можноста за незадоволителен раст или пад на вредноста на вложувањата во хартии од вредност, удели во отворени инвестициски фондови и депозити во банки на Фондот. Раководството на друштвото утврдува прифатливи лимити на ризик, кои се базираат на нивно секојдневно следење.

Раководството на друштвото ги проценува пазарните ризици и максималните загуби кои можат да се очекуваат, а кои се базираат на претпоставки за различни промени на пазарните услови и поставува граници за ризикот кој што може да се прифати и кој редовно се следи.

Фондот нема концентрација на пазарен ризик бидејќи не ги надминува законски утврдените лимити кај еден издавач на хартии од вредност.

### 3.5 Ликвидносен ризик

Средствата на Фондот се вложуваат во депозити и должнички хартии од вредност. Ликвидносен ризик произлегува од можноста одредена хартија од вредност да не може да се продаде на пазарот поради недоволна побарувачка за истата. Вложените средства во депозити во зависнот од ликвидносните потреби можат да се повлечат во секој моменти на тој начин друштвото може да ја спречи појавата на ликвидносни проблеми во работењето.

Друштвото секогаш се осигурува дека има доволно готовина во Фондот на располагање за подмирување на доспеаните обврски. Сите финансиски обврски на Фондот доспеваат во рок од една година од крајот на финансискиот година.

### 3.6 Оперативен ризик

Екстерните оперативни ризици се управуваат преку соодветни системи на работа и комуникација воспоставени со останатите учесници во оперативната реализација на целокупниот процес: Комисијата за хартии од вредност, Комерцијална банка АД Скопје – депозитарна банка, избраните брокерски куќи и банките.

Интерните оперативни ризици се концентрирани во процесот на донесување и реазлизација на инвестиционите одлуки, почитување на интерните политики, процедури и упатства и функционирањето на информациониот систем.

### 3.6 Објективна вредност на финансиски инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските инструменти е одредена на следниот начин:

1. Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (Продолжува)

### 3.6 Објективна вредност на финансиски инструменти (продолжува)

2. Објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски (со исклучок на деривативните инструменти) се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од дилерите за слични инструменти.

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на Раководството, зависно од видот на средството или обврската.

Сметководствената вредност на паричните средства и паричните еквиваленти, депозитите и останатите финансиски средства соодветствува на нивната објективна вредност со оглед дека истите вклучуваат готовина, сметки во банки и депозити со краток рок на доспевање. Објективната вредност на инструментите кои се чуваат до доспевање се одредува врз основа на ЕКС поради начинот на класификација во моментот на нивно купување.

## 4. Настани по датум на известување

